Скопје, 02.02.2018

# Политика за приватност

Целта на оваа Политика за приватност е да ве информираме за практиките на приватност што ги применува КИБС во врска со своите веб-страници, производи и услуги на дигитална доверба.

Оваа политика за приватност не се однесува на услугите поврзани со КИБС како оператор на платен систем, услугите поврзани со информации произлезени или кои базираат на информации за или од платниот систем, како и на услуги понудени преку наши партнери или препродавачи.

КИБС го почитува вашето право на приватност. Преку оваа Политика за приватност ве информираме кои податоци се собираат, како ги користиме тие податоци, дали вашите податоци се чуваат, за одредбите за безбедност околу чувањето на вашите податоци, дали вие можете да одлучувате да не се користат вашите податоци и како да ги коригирате или ажурирате вашите податоци.

## 1. Какви информации собираме?

КИБС, како доверлива трета страна, собира информации од вас кога нарачувате дигитален сертификат на КИБС, кога аплицирате за пристап до управуваните платформи за услуги, ако направите претплата на нашиот билтен, ја користите нашата услуга за онлајн разговор (chat), преземате информативни документи за нашите производи и услуги, се регистрирате за вебинар, одговарате на анкета или пополнувате формулар за помош пред/по продажба или отворате барање за поддршка.

КИБС е издавач на сертификати и доверлива трета страна. За да се пополнат барања за дигитални сертификати, од Вас може да биде побарано да го внесете Вашето име и презиме, електронска адреса, поштенска адреса, телефонски број, детали за организацијата во која работите и други лични податоци. Доколку врз основа на Ваша желба изберете плаќање на нашите производи и услуги со користење на нашата виртуелна електронска продавница, ќе Ви бидат побарани и информации поврзани со Вашата кредитна картичка од страна на картичниот процесор преку кој се обезбедува плаќањето.

КИБС ги третира информациите за лична идентификација како доверливи, освен информациите внесени во издадениот дигитален сертификат. Овие информации може да се проверат со користење надворешни комерцијални апликации и како такви се сметаат дека се од јавен карактер.

## 2. За што ги користиме Вашите податоци?

Кои било од податоците што ги собираме од Вас може да се користат на еден од следниве начини:

### 2.1. Обработка на апликации за производи и услуги од дигитална доверба

Вашите информации, јавни или приватни, нема да бидат продадени, разменувани, пренесувани или дадени на друга компанија поради која било причина без Ваша согласност, освен заради доставување на купениот производ или бараната услуга.

### 2.2. Подобрување на услугата за клиентите

Вашите информации ни помагаат поефикасно да одговориме на Вашите барања пред и по продажбата и на потребите за техничка поддршка.

### 2.3. Испраќање известувања за обновување

Електронската адреса што ја давате за обработка на нарачката може да се користи за да Ви се испратат известувања за обновување кога рокот истекува во следните триесет (30) дена или помалку, во зависност од услугата.

### 2.4. Испраќање пораки преку електронска пошта

Покрај тоа, може да Ви испраќаме периодични билтени на компанијата, нова верзија на услуга, безбедносни надградби, информации поврзани со производ или услуга, анкети, како и известувања за статусот на спроведеното системско одржување или достапност на услуга.

## 3. Чување на податоците

За да се исполнат барањата за ревизија на давателите на услуги од доверба, како што е наведено во правилата за работа објавени во јавното складиште на документи на КИБС

(https://www.kibstrust.mk/mk-MK/Home/Dokumenti/)

личните податоци кои се пополнети при аплицирањето, ќе бидат чувани минимум 5 години во зависност од класата на производ или услуга и може да бидат задржани во физички или електронски формат. За сите детали, Ве молиме прочитајте ги правилата на КИБС за сите услуги од доверба објавени во горенаведеното складиште на документи.

## 4. Откажување од добивање известувања преку е-пошта

Ако во кое било време сакате да се откажете од добивање електронски пораки, тоа можете да го направите преку упатства за откажување што се објавени на веб-страниците на давателот на услуги од доверба и/или вклучени на крајот од секоја електронска порака.

## 5. Како ги штитиме Вашите информации?

Ние спроведуваме различни безбедносни мерки за одржување на безбедноста на Вашите лични информации при процесот на нарачка кога пополнувате, поднесувате или пристапувате до Вашите лични информации. Сите доставени чувствителни/платежни информации се пренесуваат преку безбедна врска т.н. Secure Socket Layer (SSL), а потоа се шифрираат во нашата база на податоци за да до нив може да пристапат само овластени лица со одредени права на пристап до нашите системи и од кои се бара да ги чуваат информациите како доверливи.

КИБС не чува Ваши чувствителни информации поврзани со трансакцијата (кредитни картички, броеви за идентификација, финансии итн.).

КИБС користи реномирана трета страна за процесирање на плаќањата со кредитна картичка (процесор за платежни картички) и применува начин со кој се обезбедува броевите на кредитни картички и соодветните финансиски податоци да се проследат директно до процесорот за платежни картички. Таквите информации се споделуваат на безбеден начин. Подетално за политиката за приватност на картичниот процесор погледнете тука.

## 6. Користење колачиња за извршување услуги и за собирање статистички информации

Давателот на услуги од доверба КИБС користи колачиња при исполнувањето на услугите. Колачињата може да се користат кога се најавувате во веб-порталот за услугите од доверба, кога купувате производи или користите одредени функционалности. Подетални информации поврзани со користењето веб-колачиња побарајте на нашата веб-локација.

## 7. Користење серверски записи за дијагностицирање или собирање статистички информации

Нашите сервери автоматски снимаат информации (креираат записи - logs) создадени со Вашето користење на нашите услуги. Податоците од овие записи може да содржат информации како што се Вашата IP адреса, тип на пребарувач, оперативен систем, референтна веб-страница, посетени страници, локација, Вашиот мобилен оператор, идентификатори на уред и апликација, услови за пребарување и информации за колачиња. Ние ги користиме овие информации за дијагностицирање и подобрување на нашите услуги. Ние или ќе ги избришеме податоците од записите или ќе отстраниме какви било идентификатори на корисничка сметка, како што се корисничко име, целосна IP адреса или електронска адреса, пет (5) години по Вашата последна активност.

## 8. Дали откриваме информации на надворешни страни?

Ние не ги продаваме, тргуваме или на друг начин пренесуваме Вашите лични информации на надворешни страни. Ова не вклучува доверливи трети страни кои ни помагаат во работењето на нашата интернет-страница, при пополнувањето апликации за дигитален сертификат или ни помагаат во оптимизирање или додавање вредност на услугите што ги нудиме, како што е нудење интегрирани производи или услуги на трети страни. Во услови кога податоците се споделуваат со такви трети страни, од нив се бара да се согласат со условите за доверливост. Ова ги спречува таквите трети страни да вршат продажба, трговија, маркетинг или на друг начин да разнесуваат податоци за корисници на КИБС.

Исто така, ние може да објавиме Ваши информации кога мислиме дека објавувањето е соодветно за да се почитува законот или да се заштитат нашите права, имот или безбедност.

Нашата политика е да ги известиме корисниците при барање нивни податоци за спроведување закон освен ако не е забрането да се стори тоа со друг закон или судска наредба.

## 9. Регистрирање

КИБС е регистрирана кај надлежните органи во врска со собирање, обработка и архивирање лични податоци, како што се бара со закон. За да добиете дополнителни информации во врска со нашата регистрација, може да се обратите до надлежниот орган наведен подолу.

**Дирекција за заштита на личните податоци**
бул. „Гоце Делчев“ бр. 18
Поштенски фах 417, 1000 Скопје
https://www.dzlp.mk/mk/kontakt

## 10. Следење релевантни закони

КИБС се обврзува да ги заштити личните податоци поднесени од страна на апликанти и претплатници за услугите за дигитална доверба. КИБС изјавува дека целосно ги почитува сите права утврдени и поставени во македонските и европските закони и работи во рамките на:

1. Законите на РМ во врска со заштита на лични податоци,
2. Одредбите на КИБС и
3. Европската директива 95/46 за заштита на поединци во врска со обработка на лични податоци и слободен проток на такви податоци;

## 11. Резиме: знајте ги вашите права

Во согласност со правилата на Европската Унија за заштита на приватноста, имате права утврдени со закон кои КИБС целосно ги почитува. Гаранциите на КИБС се однесуваат на целата мрежа на КИБС и на информациите собрани за целиот спектар производи и услуги од дигитална доверба на КИБС.

1. Бараме Ваша изречна согласност за сите лични податоци што може да ги поднесете.
2. Ние не собираме лични податоци, освен ако Вие не ги поднесете.
3. Ние ги користиме податоците што Вие ги поднесувате само за да Ве идентификуваме и потоа да Ви ги понудиме нашите производи и услуги од дигитална доверба.
4. Имате право да ги прегледате Вашите лични податоци што ги има КИБС и да ги проверите за доследност.
5. Имате право да вршите исправка на податоците во случај на пронаоѓање грешки во нашата евиденција.

## 12. Измени во нашата Политика за приватност

Доколку направиме измени во нашата Политика за приватност, ние ќе ги известиме клиентите со објава на нашите веб-страници и/или со испраќање електронска порака со известување за достапноста на нова верзија.

* * *